СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 26 февруари 1997 година

Скопје, февруари 1997 година

**60 (ШЕЕСЕТТА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26.II.1997**

Тито Петковски - 1, 6 - води седница

ОСКАР ЛУИЏИ СКАЛФАРО - Претседател не Република Италија
Обраќање до пратениците

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 февруари 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Ја отворам Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија која ја свикав по повод посетата на претседателот на Република Италија, господин Оскар Луиџи Скалфаро на Република Македонија. (Аплауз).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата присуствуваа и:

-Претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров. (Аплауз),

- Претседателот на Владата на Република Македонија господин Бранко Црвенковски. (Аплауз).

- Членовите на Владата на Република Македонија. (Аплауз)

Го поздравувам и присуството на шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и претставници на меѓународни организации во Република Македонија.

(Аплауз).

I/2.-ДВ/МЛ

Дами и господа пратеници, почитувани гости.

Со особено задоволство ја поздравувам неговата екселенција, претседателот на Република Италија, господин Оскар Луиџи Скалфаро и личностите кои го придружуваат за неговата официјална посета на Република Македонија. (Аплауз).

Имам чест да го поканам господинот претседател Скалфаро да му се обрати на Собранието.

**ОСКАР ЛУИЏИ СКАЛФАРО:**

Господине претседателе и Вие избрани во Народното Собрание.

Примете го поздравот на претседателот на Република Италија кој ви го пренесува со големо пријателство од името на сиот италијански народ.

Пријателски поздрав, но и поздрав на ваш долгогодишен колега кој, како вас, веќе 46 години е член на италијанскиот Парламент, од конститутивното Собрание кое по трагедијата на војната и борбата за ослободување од фашистичката диктатура ја запиша Уставната повелба во која ги прокламира правата на човечко суштество, до изборот на оваа највисока функција.

Во мене остана длабока љубов кон Парламентот каде што се искажува суверeноста на сиот народ, каде што се чувствува честа и обврска да се претставува својот народ во неговите очекувања на слобода, правда, безбедност, мир во самата земја и со други народи, блиски и далечни.

Мандатот кој ви е доверен, пред се ви наложува со голема љубов и залагање да го слушате гласот на тие кои се најслаби, кои имаат најголема потреба од правда, кои очекуваат нивните права да бидат вистински, актуелни, почитувани.

Таквиот повик на избраниот му дава чувство за деликатчоста, за тежината, за свеченоста на неговата задача и секој ден го потсетува дека

треба секогаш да биде спремен за тоа да одговара пред народот кој му го дал суверенитетот, но, пред се, пред сопствената свест.

Оваа собраниска сала е сведок на одлуки од историско значење, како што е прогласувањето на Уставот на 17 ноември 1991 година, која озакони независноста на оваа млада држава, крунисување на сонот за кој се бореле генерации патриоти.

Во овие мачни години гледаме на оваа земја со голем респект и почит, бидејќи уште од своето раѓање со убедување ја прифати визијата на мирот и на толеранцијата која е единствена вистинска владина претпоставка која гарантира благосостојба на народите и нивниот просперитет.

Вашата Република е единствена од поранешните југословенски републики која постигна независност на мирен начин, а тоа беше можно благодарение на нејзините потврдни традиции на граѓанско сожителство помеѓу различните етнички групи, но и заради мудроста на одговорните во државата.

Сакам да им оддадам почит на тие - во прв ред на претседателот Глигоров - кои успеаја да го зачуваат народот од жалоста и од маките кои ги запознаа и, за жал и денес ги чувствуваат другите блиски народи.

Со своето постојано барање на дијалог и на компромис, претседателот Глигоров ја доведе земјата до независноста, во клима на спокојство и мир, но тоа го плати со висока цена на личен план.

Италија со симпатии го следеше појавувањето на вашата независна држава и беше меѓу првите кои ја поддржуваа во нејзините први напори за афирмација на нејзиниот меѓународен статус и во активноста за подобрување на односите со сите соседни држави.

Договорите кои ги склучивте со Грција и Југославија, подобрувањето на општата клима во односите со Албанија и Бугарија

дадоа вреден придонес кон засилување на регионалната безбедност.

Квалитетот на билатералните односи меѓу нашите две земји ни причинува големо задоволство, не само како сведоштво за пријателството меѓу нашите народи, туку и како темел за натамошен напредок. Нашите билатерални врски можат да доведат до натамошен развој на политички, стопански и културен план, во интерес на двете земји, но и во интерес на мирот на регионално и континентално ниво.

Ние денес на вашата земја гледаме со доверба, бидејќи таа е во состојба да игра суштинска улога во регионот кој е животна важност за безбедноста на стариот континент. Свесни сме дека е европски ориентирана и убедени сме дека може и треба постепено да се доближи до Европската Унија со која веќе има склучено договор за соработка. На тој пат од италијанска страна нема да недостасува сета поддршка.

Му кажав на претседателот дека Европа некој пат е повеќе стара отколку вредна и има потреба од нова, млада крв, од еден многу стар народ, на една млада држава, кој верува во Европа со длабоко човечко чувство.

И на вашата земја и припаѓа улога на изградбата на европската безбедност. Во таа смисла Италија активно ќе се заложи за проширување на соработката во рамките на иницијативата "Партнерство за мир", во која учествуваат двете земји.

Вие тоа многу добро го знаете дека патот на демократија е сложен и тежок, пред се затоа што никогаш не завршува, бидејќи е постојана заложба за надминување на бројни тешкотии, постојана ревизија и корекција на грешки.

Демократиите грешат, бидејќи нив ги составуваат луѓето, а диктатурите никогаш ќе грешат, бидејќи тие се античовечки.

I/5.-

Само еднаш грешат, во најтрагичниот пат, кога на човекот му ја одземаат слободата, а тоа е прерогатив за животот и ни- кој човек тоа не смее да го прегази. (Аплауз).

Таквиот процес бара учество на сите, а од сите бара заложба и жртва. Затоа тешко е да се воспитуваме себеси и да ги воспитуваме другите во културата на демократијата. Затоа изградбата на демократијата е особено одговорна во вашата земја каде што беше потребно покренување на сложена и општа обнова во областа на судството, стопанството и на институциите.

Тоа е невралгична точка на демократскиот живот, тоа е примарна морална и политичка заложба за избраниците на народот: да умееш да мислиш на другите, да се посветиш на други, да се жртвуваш за други, да се дадеш самиот себе на другите. Затоа егоизмот е непријател на слободата и на демократијата.

Политика е сето тоа што се однесува на заедница на граѓани, на нивни заеднички интереси, на нивни маки, на нивни искуства, на нивни надежи за подобрување и за воскреснување.

Да се биде повикан да се служи во добро на заедницата, во добро на народот, е најголема чест на секого од нас.

Со право можете да се гордеете со тоа што веќе го сторив те, благодарение на вашата решителност, барањата за заедничко добро да преовладаат на сите други интереси.

За храброста и интелигенцијата со која  дејствувате, заслужувате восхит на слободните нации во Европа. Не заборавете дека тие Ви се блиски, како што во прв ред Ви е блиска Италија.

Од сето срце уште еднаш пријателски Ве поздравувам и Ви пренесувам срдечни желби на Италија.

I/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитуван господине претседател Скалфаро, дозволете ми во името на Собранието на Република Македонија и сите овде присутни уште еднаш да изразам благодарност заради вашето присуство и особено за вашите зборови и пораките што ни ги упативте. Чест ми е и задоволство во оваа прилика да истакнам дека односите и соработката меѓу нашите парламенти, народи и земји, бележат постојан подем, за што евидентен доказ е и вашата денешна посета.

Пријателството и врските меѓу нас се со длабоки, многу вековни корени и се надевам, со уште поцврста иднина која е нераскинливо врзана за демократските процеси и изградбата на европската безбедност и нејзината интеграција. Тој дух на времето што е пред нас, верувам, можеше да го почувствува и нашата целокупна јавност, следејќи го преку директниот пренос вашиот инспиративен говор и овој, за нас, исклучително важен настан.

Уште еднаш ви благодарам за честа што ни ја укажавте.

Ја заклучувам Шеесеттата седница на Собранието.

По пауза Собранието ќе продолжи со работа.

(Седницата заврши во 13,45 часот).